2021

# ПРЕДЛОГ БУЏЕТСКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ

Предлог буџетската иницијатива е изработена во рамки на проектот „Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“ финансиран од Европската унија.

# Предлог буџетска иницијатива за Општина Теарце

Број на население:

- Мажи- 11.818
- Жени- 11.205
- Вкупно- 23.023

Површина: 136,55 км$^2$

*Податоците се преземени од ДЗС и веб-страната на општина Теарце.*[1]



***Родова анализа на лидерски позиции во општина Теарце***

Единиците на локалната самоуправа како одговорни тела за планирање на општинскиот буџет и креирање буџетските програми во општините воедно ја носат и одговорноста за примена на партиципативно и родово одговорно буџетирање.

Партиципативно и родово одговорно буџетирање на локално ниво претставува вклучување на локалните граѓани (жени, мажи, маргинализирани и ранливи категории на граѓани) во процесот на подготовка на општинскиот буџет и неговите приоритети, заедно со општинската администрација.

Пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 значително влијаеше и го забави процесот на достигнување родова рамноправност, а особено на локално ниво каде активностите предвидени со програмите за еднакви можности или родова еднаквост во најголем дел не беа спроведени, а средствата предвидени со локалните буџети беа реалоцирани.

Во претстојниот период следи процесот на креирање на предлог буџетските програми на единиците на локалната самоуправа. Со цел родово одговорно и партиципативно буџетирање во општината Теарце во рамки на проектот „Низ женски леќи“ подготвена е оваа предлог буџетска иницијатива која ги застапува интересите на руралните жени и мажи, сиромашни жени и мажи, жени и мажи со попреченост, маргинализираните жени и мажи (

[1] Државен Завод за Статистика- Население во Република Македонија на 30.06.2019 по специфични групи на возраст, по пол, по општини, по години, според промените во територијалната поделба од 2014 година

од етничка, религиозна или сексуална природа) и жени и мажи од ранливите возрасни групи (млади и постари граѓани).

Предлог буџетската иницијатива подготвена од Центарот за истражување и креирање политики се заснова на:

- Родова анализа на општинските програми за 2020/2021 во општината Теарце
- Форум во заедницата-Идентификување на приоритетни области и активности за граѓаните на општина Теарце

Тимот на проектот „Низ женски леќи“ во месец март 2020 спроведе родова анализа на општинските програми со која беше утврдено во кои програми на општината е односно не е вклучена родовата перспектива. Со анализата беа дадени и препораки за областите во кои е потребно да се вклучи родовата перспектива.

Форумот во заедницата во општина Теарце се одржа во месец јуни и имаше за цел идентификување на проблемите и решенијата како и приоритизирање на истите од страна на граѓаните кои живеат и/или работат на територија на општина Теарце користејќи родова перспектива.

## Родова анализа на општинските програми за 2020/2021 на општина Теарце

Општината Теарце има изработено голем број на општински програми, во кои се земаат предвид потребите на мажите и жените. Со анализата се утврдија областите во кои се предвидени родови активности, а тоа се: социјална заштита, спорт, кулутра и улична инфраструктура. Можеме да оцениме дека родовата перспектива е делумно инегрирана при планирање и креирање на општинските програми.

Анализата покажува дека во неколку од програмите воопшто не е користена родовата перспектива па така програмата за ***заштита на здравјето*** на населението нема јасно дефинирани родови цели, приоритети и активности и различните потреби на жените и мажите не се земени во предвид. Нагласено е непостоење на финансии за изградба на канализациона мрежа и потенцирано е користење на септички јами во домаќинствата при што не е утврдена како приоритетна потребата на жените за соодветно одржување на менструална хигиена.

Во програмата за ***работа на општината*** нема јасно дефинирани родови цели, но сепак предвидена е изградба на градинка во рурална средина која доколку се реализира значително ќе придонесе за унапредување на положбата на жените во руралниот дел на општината. Предложени се неколку проекти кои се однесуваат на реконструкција и изградба на тротоари и патишта и обезбедување пристап до автобуски постојки во руралните средини кои ќе ги задоволат потребите на мажите и жените. Како и да е, за изведба на предложените проекти не се издвоени конкретни средства од буџетот. Понатака во програмата за улично осветлување предвиденото одржување на јавното осветлување во значителна мера води кон подобрување на безбедноста на жените во општината.

Програмата за активностите на општина Теарце од областа на ***социјалната заштита*** ги зема предвид различните потреби на населението и во неа делумно е интегрирана родовата перспектива. Така на пример, превидено изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливите групи и социјализацијаа на маргинализираните групи, но истите не се конкретно идентификувани. Во активностите на програмата предвидена е помош на лица жртви на семејно насилство и промовирање на родовата рамноправност, но истите не се јасно дефинирани и за нив не е одвоен конкретен буџет. Во програмата исто така се дава предност на самохраните родители, социјално загрозените, невработени и хендикепираните лица при доделување помош на семејства погодени од елементарни непогоди преимаат самохрани родители, социјално загорзени, невработени и хендикепирани лица. Иако податоците за корисниците не се родово разделени можеме да заклучиме земајќи ја предвид економската состојба на жените во општество, дека тие би мале предност како ранлива група.

Во програмата за активностите на општина Теарце од областа на ***културата*** во 2021 година единствена активност со родова перспектива е предвидената манифестација за одбележување на Денот на жената- 8 март и за истата е определен буџет. Родова перспектива е интегрирана и во програмата од областа на ***спортот*** во чии рамки се планирани активностите за поддршка за развојот на женскиот спорт-основање на спортски клубови и иницирање на активностите за вклучување на женскиот пол во спортски активности, но сепак за овој вид на активности не се одвоени конкретни средства од буџетот. Во програмата пак за поддршка на НВО секторот предвидено е финансирање на НВО за остварување на проекти од општествен интерес за различни категории на граѓани, но не се јасно дефинирани кои.

*Заклучок:*

Воглавно во сите програми јазикот кој се користи во е родово неутрален и не се користат или пак собираат родово разделени податоци за корисниците на програмата. Во ниедна од програмите нема јасно дефинирани родови цели и приоритети, но делумно се предвидени активности со родова перспектива кои би воделе кон унапредување на положбата на жените во општината. Иако во дел од програмите се предвидени родови активности, за најголем дел од активностите не е одвоен буџет.

*Препораки:*

- ✓ *Имплементирање на родова перспектива во планирањето и креирањето на програмите за сите области во општината;*
- ✓ *Развивање на програма за превенција и заштита од родово базирано насилство на локално ниво*
- ✓ *Поставување на повеќе жени на позиции на донесувачи на одлуки во општината особено на чело на урбаните и месните заедници.*
- ✓ *Користење на родово сензитивен јазик и собирање родово поделени податоци за корсниците на сите програми*

- ✓ *Воведување на родовата перспектива во сите програми преку користење на родова анализа на потребите и родовите јазови што ќе доведе и до креирање родово одговорен буџет.*

## Резултати од Форум во заедницата во општина Теарце

Форумот во заедницата во Теарце се одржа онлајн преку три последователни сесии.

- I сесија 04.06.2021 Идентификување на проблеми
- II сесија 08.06.2021 Идентификување на решенија
- III сесија 10.06.2021 Приоритизирање на решенијата и проблемите

На форумот во заедницата учествуваа вкупно 72 учесници од кои 44 жени и 28 мажи. Учесниците беа претставници од локалните институции, училишта, јавни претпријатија граѓанските организации како и граѓани кои живеат на територија на општина Теарце.

Преку форумите во заедницата се овозможи вклучување на граѓаните, посебно на целните групи кои се главен фокус на проектот со цел обезбедување услови за приоретизирање на програмите и проектите како и истовремено подобрување на структурата на програмите во општините во кои се спроведува проектот.

## Приоритетни проблеми и решенија кои беа избрани од граѓаните на општина Теарце се следниве:

| Проблем и решение | Бодови | Ранг |
|---|---|---|
| Нема атмосферска канализација во општина Теарце-<br>Решение:Преку Турска амбасада и Светска банка ќе се реализира овој проект<br>Nuk ka kanalizim atmosferik në komunën e Tearcës - ky proekt do të realizohet nëpërmjet të ambasadës Turke dhe bankës botërore | 65 | 1 |
| Проблемот со водоснабдувањето - системот е застарен и небезбеден - честопати водата за пиење смрди, поради изградените хидроцентрали. Водата е тестирана и утврдено е дека може да се користи само како технички небезбедна вода за пиење. - сите села да бидат поврзани со системот за водоснабдување и да вршат редовни плаќања за да се пополни буџетот<br>Problemi me furnizimin me ujë - sistemi është i vjetërsuar dhe i pasigurt - shpesh uji i pijshëm ka erë, për shkak të hidrocentraleve që janë ndërtuar. Uji është testuar dhe është përcaktuar që mund të përdoret vetëm si ujë teknik i pasigurt për pije. - gjithë fshatrat të bashkëngjiten në sistemin e ujësjellësit dhe të bëjnë pagesë të rregullt që të mbushet buxheti | 65 | 1 |
| Нема стоматолози за училиштата во локалната клиника во општина Теарце-Соработка на училиштата со училишните стоматолозите во регионот на општината за проблемите на учениците, редовни прегледи и систематски прегледи.<br>Nuk ka dentistë për shkolla në klinikën lokale në komunën e Tearcës - Bashkëpunimi i shkollave me dentistët ne rajonin e komunës për problemet e nxënëseve kontrolleime të rregullta edhe pas kontrollave sistematike. | 64 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| Преводот на наставните материјали не е соодветен - барање од дирекцијата на училиштето до МОН<br>Përkthimi i materialeve mësimore nuk është adekuate – nga drejtoria e shkollave të behet kërkesë në MASh | 64 | 3 |
| Нема услови за реализација на наставниот процес во спортската сала, недостаток на опрема, во повеќето основни училишта-Да се изградат гардероби во спортските сали, нема посебни соблекувални за момчињата и девојчињата.<br>Nuk ka kushte për realizimin e procesit mësimor në sallën e sporteve, mungesë e pajisjeve në shumicën e shkollave fillore - të formohen dhoma adekuate për veshmbathje, nuk ka dhoma veç për djem e vajza - të kërkohen donacione | 63 | 5 |
| Да се зголеми бројот на педагози и психолози во училиштата на територија на целата општина.<br>Të shtohet numri i pedagogëve dhe psikologëve në shkolla | 63 | 5 |
| Недостаток на градинка<br>Решение: Давање дозвола од МОН, општина Теарце поднесува барање за изградба на градинка, да се искомуницира со МТСП<br>Mungesa e kopshtit/çerdhes – dhënia e lejes nga ministria për punë sociale dhe politike | 63 | 5 |
| Недостаток на дефектолози во училиштата - потребата е секојдневна, а не само еднаш неделно. Секое училиште треба да има дефектолог<br>Mungesa e edukatorit special dhe psikologut në shkolla - nevoja është e përditshme, jo vetëm një herë në javë. Çdo shkollë duhet të ketë një edukator special | 63 | 5 |
| Финансиска поддршка од министерството за деца без родители и самохрани мајки<br>Përkrahje me mjete financiare nga ministria për fëmijë pa prind dhe nëna vetushqyese | 62 | 9 |
| Недостаток на гинеколог во општината<br>Решение: Да се поднесе барање од општина Теарце до МЗ<br>Mungesa e një gjinekologu në komunitet | 62 | 9 |
| Недостаток на педијатар<br>Решение:Да се поднесе барање од општина Теарце до МЗ<br>Në klinikë të ketë mjek me amë dhe pediatër | 62 | 9 |
| Пензионирањето не треба да се продолжи на 64 години за да им се овозможи на младите дипломирани студенти да се вработат<br>Pensionimi mos të vazhdohet në 64 që tu jepet mundësi të rinjve të diplomuar të punësohet | 61 | 12 |
| Недостаток на амбулантно возило за брза помош<br>Решение:Да се поднесе барање од општина Теарце до МЗ<br>Mungesa e ndihmës së shpejtë – të shqyrtohet ligji | 61 | 12 |

**Приоритетни програми во кои е потребно да се вметнат активностите:**

- Програма за урбанизација и инфраструктура
- Програма за образование
- Програма за здравствена заштита
- Програма за социјална заштита

- Програма за млади и спорт
- Програма за животна средина
- Програма за родова еднаквост

**Препорака:** Во програмите како крајни корисници да се обрне особено внимание на потребите на:

- Деца и млади
- Лицата со попреченост
- Жени и девојчиња
- Жени и деца жртви на насилство
- Жителите на руралните подрачја
- Стари лица

Проблемите и решенијата кои беа идентификувани од граѓаните на општина Теарце поделени по области се следниве:

<u>Образование</u>

1.Нема учебници за сите возрасти не само за задолжителните предмети туку и за изборните во основно образование
Решение: Да се обезбедат нови книги, премногу се оштетени. МОН да обезбеди
2.Нема услови за реализација на наставниот процес во спортската сала, недостаток на опрема, во повеќето основни училишта-Да се изградат гардероби во спортските сали, нема посебни соблекувални за момчињата и девојчињата
3.Недостаток на опрема и простор за природните науки-Треба да се обезбедат средства за тие што има. Доградба на кабинети за природни науки. Аплицирано во МОН за опрема
4.Нема средства за професионален развој за наставници –Да се обезбедат повеќе семинари на општинско ниво
5.Учениците кои учествуваат на натпревари не добиваат финансиски средства за патни трошоци, храна- Да се обезбедат средства од страна на општината. Училиштата имаат буџет со кои можат да платат за учество на децата на натпреварите, но има недостаток на активни наставници кои се вклучуваат во натпревари. За натпревари надвор од државата училиштата аплицираат во МОН.
6.Во ОУ„Кирил Пејчиновиќ“ се реализирале спортски активности и активности за денот на екологијата, но немаат финансиски средства од општината за организација на вон-наставни и дополнителни активности- Општината да обезбеди финансиски средства за дополнителни активности
7.Недостаток на градинки во општината-Потребни се на три локации-Поднесено е барање, се гради една градинка. Потребно е да се забрза процесот на изградба на градинка.
8.Нема библиотека во општината-Саладин Зеќири (инспектор за екологија во општината)-Нема  општинска библиотека и читална. –Да се изгради и опреми библиотека и читална во општината. Да се преземе иницијатива од страна на училиштата и да се поднесе барање до Советот на општината. Да се поднесе барање до МОН.

9.Преводот на наставните материјали не е соодветен-Да се поднесе барање до МОН да се поправат грешките на национално ниво
10.Да не се продолжи границата за пензионирање до 64 години туку да се даде шанса на младите
Да се зголеми бројот на дефектолози и психолози во училиштата на територија на целата општина.
11.Финансиска поддршка од МОН/МТСП за деца без родители и самохрани мајки
12.Општината да обезбеди дополнителен наставен финансиски фонд за дополнителни активности и наставни активности пр.екскурзии, сликање за таблоа итн.

Социјална и здравствена заштита

1. Организирање на учениците и студентите за здравствено воспитување во училиштата и соработка со женски организации за здравјето на жената (рак на гради, матка и сл.)

2. Соработка на училиштата со училишните стоматолозите во регионот на општината за проблемите на учениците, редовни прегледи и систематски прегледи.

Култура, млади и спорт

1.Да се одржува спортскиот терен редовно,порано имало екипа која работела еднаш на три недели.
2.Изградба и уредување на простор за деца во секое село од општината
3.Основање и редовно финансирање на различни спортски клубови
4.Финансирање на културно-уметничките здруженија на општинско нивоРешение: Здруженијата ќе поднесат барае до Министерството за култура
5.Мотивација и ориентација на младината во кулутрни и спортски ангажмани
6.Невработеност на младината-проблем на државно ниво- да се обезбедат повеќе работни места

Животна средина и комунални дејности

1.Не е доволно добро организирано фрлањето на отпад-Не се испразнуваат контејнерите редовно
Решение: Редовно да се празнат контејнерите и да има поголем број на контејнери. Да се направи редовен распоред на празнење на контејнерите бидејќи не знаат кога ги испразнуваат. Да се постават нови контејнери бидејќи се застарени и отпадоците излегуваат. Општината има ЈКП но ал е бројот на вработени и не можат да постигнат да ги соберат отпадоците.
2.Ниска свест кај граѓаните за животната средина-Палење на ѓубрето и загадување на воздухот
Има многу отпадоци по улиците во општина Теарце-Нема доволно канти за отпадоци
Решение: Да се направи кампања на ниво на општина за едукација на граѓани и деца, да се покрене свеста за рециклирањето, да се постават контејнери за рециклирање.

3.Нема регионална депонија-Во општина Теарце нема депонија поради изворите Рашче и снабдувањето со вода, отпадоците се фрлаат во Русино.
Решение:
4.Нема прочистителна станица за воздухот и за мерење на загаденоста-
Решение: Да се постави станица за мерење на загаденоста на воздухот, ќе се користи и од страна на училиштата да се учат децата да се грижат за загаденоста.

<u>Општинска администрација</u>

1.Недостаток на градинка
Решение: Давање дозвола од МОН, општина Теарце поднесува барање за изградба на градинка, да се искомуницира со МТСП
2.Недостаток на тренери за реализација на спортски активности
Решение: Отварање на нови работни места и издвојување на фондоови од Министерство
3.Недостаток на педијатар
Решение:Да се поднесе барање од општина Теарце до МЗ
4.Недостаток на гинеколог во општината
Решение: Да се поднесе барање од општина Теарце до МЗ
5.Недостаток на жени на раководни позиции во локалните јавни установи
Решение: Промена на систематизација на работни места и родовата еднаквост да се имплементира не да се остави само на хартија. Родова сензибилизација на граѓаните
6.Нема дежурен лекар во амбулантата
Решение:Да се поднесе барање од општина Теарце до МЗ
7.Недостаток на противпожарна служба
Решение:Да се направи прмена на зкаонот за пожарникари, актуелниот закон дозволува во круг од 16км да биде одалечена против-пожарната станица од општината. Има села кои се поодалечени во рамки на општината. Подготвено е барање до министерство за финансии.
8.Недостаток на амбулантно возило за брза помош
Решение:Да се поднесе барање од општина Теарце до МЗ
9.Недостаток на дом за стари лица
Решение: Недостаток на работно место социјален работник во општината. Да се поднесе барање до МТСП за отварање на дом за стари лица. 30-40% од граѓаните живеат во странство и има потреба од грижа за старите лица.
10.Недостаток на кино и театар
Решение: Во Теарце во близина на објектот на оппштината имали кино и театар. Објектот постои, но потребна е реконструкција.
11.Недостаток на финансии од страна на министерството за настани за млади
Решение: Барање од општината
12.Ниска свест за животна средина
Решение: Да се покрене кампања за подигање на свеста
13.Нефункционирање на регионалната депонија
Решение:
14.Недостаток на финансии за мали бизниси раководени од жени

Решение: Локалните медиуми повеќе да зборуваат на оваа тема и да промовираат мали и средни бизниси отворени од жени, редовно издвјување на средства од општината
15.Недостаток на тоалети за лица со попреченост во училиштата
Решение: Поднесено е барање во МОН
16.Нема пристапност за лица со попречености
Решение: Поднесено е барање до МОН
17.Нема пристапни рампи за лица со попреченост
Решение: Поднесено е барање до МОН
18.Недостаток на дефектолог и психолог во училиштата-Не е доволен само еден дефектолог за сите училишта бидејќи има поголем број на лица со попреченост, потребата е секојдневна, не само еднаш
Решение: Вработување стручни лица

Урбанизација и инфраструктура

1.Нема атмосферска канализација во општина Теарце-
Решение:Преку Турска амбасада и Светска банка ќе се реализира овој проект
2.Проблем со водоснабдувањето-системот е застарен и небезбеден-Често водата за пиење има мирис, поради хироцентралите кои се изградени. Водата била тестирана и е утврдено дека може да се користи само како техничка вода небезбедна за пиење.
Решение: Сите села да се влучат во општинскиот систем за водоснабдување и редовно да се плаќаат даноците

## Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост

Проектот „Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“ се имплементира од страна на проектните партнери: Центар за истражување и креирање политики, Новинари за човекови права, Рурална Коалиција, Ромска Асоцијација за жени и млади-Лулуди и ЕХО-Штип. Имплементацијата на проектот ќе се одвива од јануари 2021 до април 2024, а финансиски е поддржан од Европската Унија. Главна цел на проектот е поттикнување на проактивноста на граѓанското општество преку зајакнување на вмрежувањето, користејќи РОБ методи за соработка со локалната самоуправа и формирање на локални политики и буџети за решавање на различните потреби на жените и мажите, особено на најранливите и маргинализираните групи во 17 целни општини во време на криза.

Општините во кои се имплементира проектот се: Чаир, Шуто Оризари, Брвеница, Теарце, Кавадарци, Неготино, Делчево, Македонска Каменица, Пробиштип, Радовиш, Гевгелија, Крушево, Кривогаштани, Струга, Вевчани, Старо Нагоричане и Липково. Целите на проектот ќе бидат постигнати преку спроведување на три главни активности: Мобилизација на граѓани, градење на капацитетите на граѓанските оранизации и промовирање на Мрежата за родово одговорно буџетирање како партнер на општините.

Проектот е синхронизиран и дополнително ќе ги зајакне капацитетите на постоечката неформална Мрежа за родово одговорно буџетирање со проширување на членството со ГОи од целните општини и застапувајќи ги интересите на руралните жени и мажи, сиромашни жени и мажи, жени и мажи со попреченості, малцински жени и мажи (етнички, религиозни, сексуални) и жени и мажи од ранливите возрасни групи: млади и постари граѓани.

This project is funded by the European Union

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на имплементаторите на проектот и на никаков начин не ги изразува гледиштата на Европската унија.